# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## За извршување на буџетот на Општина Демир Капија за период 01.01.2026-31.03.2026

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став (2) („Службен весник на Република Македонија "бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по заршувањето на кварталот.

Реализацијата на приходите и на расходите на ***основниот буџет*** на општината заклучно со првиот квартал е 18.393.316 денари од предвидените 120.803.429 денари или 15.23%.

Во буџетот на Општина Демир Капија, за првиот квартал биле реализирани приходи во износ од 35.900.933 денари, од планираните 197.918.241 денари од вкупниот ***консолидиран буџет*** на општина Демир Капија, или 18.14% реализација, додека реализираните расходи се во вкупен износ од 34.692.988 денари од планираните 197.918.241 денари од вкупниот буџет на Општина Демир Капија или 17.53%.

## Реализација на изворите на финансирање на Општина Демир Капија

Приходите на Буџетот на општината, вклучително и приходите на единките корисници, за 2026 година се планирани и реализирани во согласност со законските прописи, како и со досегашниот тренд на наплата на изворните приходи и трансферите (дотациите) од Буџетот на Република Северна Македонија. Структурата и висината на овие приходи се прикажани во табелата во продолжение:

| | *Вид на приход* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| *71* | *Даночни приходи* | 32.431.259 | 3.199.796 | 3.130.149 | 9.65 |
| *72* | *Неданочни приходи* | 5.110.000 | 523.607 | 592.637 | 11.60 |
| *73* | *Капитални приходи* | 27.054.820 | 243.597 | 363.628 | 1.34 |
| *74* | *Трансфери и донации* | 133.322.162 | 34.665.253 | 31.814.519 | 23.86 |
| | *Вкупно:* | **197.918.241** | **38.632.253** | **35.900.933** | **18.14** |

## Даночни приходи

Даночните приходи во 2026 година се планирани во износ од 32.431.259 додека нивната реализација во првиот квартал изнесува 3.130.149 денари.

| *Вид на приход* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 2.060.000 | 463.516 | 556.212 | 27.00 |
| Даноци од имот | 6.003.000 | 1.029.648 | 859.514 | 14.32 |
| Даноци од специфичини услуги | 23.158.259 | 1.599.369 | 1.441.785 | 6.23 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.210.000 | 107.263 | 272.638 | 22.53 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Вкупно: | **32.431.259** | **3.199.796** | **3.130.149** | **9.65** |




## Даноци на имот

Во структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо финансиско учество има ставката даноци од специфични услуги, со реализација во износ од 1.441.785 денари. Остварените приходи од данок на имот изнесуваат 269.657 денари. Притоа, приходите од данок на имот од физички лица заклучно со 31.03.2026 година изнесуваат 159.920 денари, додека наплатата од правни лица изнесува 109.737 денари. Доколку се изврши посебна анализа на данокот на имот, може да се согледа неговата структура и учество во вкупниот износ на овој вид данок, како што е прикажано во табелата во продолжение.

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **7131** | Данок на имот | 2.500.000 | 152.725 | 269.657 | 10.79 |
| **7132** | Данок на наследство и подарок | 500.000 | 51.379 | 62.524 | 12.50 |
| **7133** | Данок на промет на недвижности и права | 3.000.000 | 825.544 | 527.333 | 17.58 |
| **7135** | Казни и камати | 3.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **6.003.000** | **1.029.648** | **859.514** | **14.32** |

## Даноци на специфични услуги

Во рамките на даноците на специфични услуги, приходите по основ на комунални такси и надоместоци за 2026 година заклучно со 31.03.2026 година изнесуваат вкупно 1.441.785 денари, што претставува реализација од 6,23% во однос на годишниот план.

Најголемо учество во оваа група на приходи има комуналната такса за одржување на јавно осветлување, со реализирани 1.016.869 денари, односно 25,42% од планираните средства.

Значајно учество има и комуналната такса за истакнат назив на фирма (фирмарина), со реализација од 250.450 денари или 50,09% од планираниот износ, што укажува на солидна наплата кај оваа ставка.

Приходите од комуналната такса за користење на улици со патнички и товарни возила изнесуваат 129.446 денари, односно 32,36% реализација, што претставува умерено ниво на

наплата.

Од друга страна, кај одредени ставки се забележува ниска или никаква реализација, како што се:

- комуналната такса за привремен престој (2,59%),
- комуналната такса за користење на простор пред објекти (20,90%),
- надоместокот за уредување на градежно земјиште (0,15%), додека кај повеќе ставки воопшто не е евидентирана реализација.

Ваквата состојба укажува на нерамномерна наплата по одделни видови на комунални приходи, при што најголем дел од реализацијата се концентрира кај неколку клучни ставки, додека останатите имаат минимално учество или не се реализирани во анализираниот период.

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **717111** | Комунални такси за привремен престој | 250.000 | 8.064 | 6.464 | 2.59 |
| **717112** | Комунална такса за истакнат назив на фирма (фирмарина) | 500.000 | 43.104 | 250.450 | 50.09 |
| **717115** | Комун.такса за користење на улици со патн.товарни возила што се плаќа при регистрација | 400.000 | 90.094 | 129.446 | 32.36 |
| **717116** | Комунална такса што се плаќа за одржув.на јавно осветление | 4.000.000 | 997.121 | 1.016.869 | 25.42 |
| **717119** | Други приходи по основ на комунална дејност | 10.000 | - | - | - |
| **717129** | Други комунални такси | 10.000 | - | - | - |
| **717131** | Комунална такса за користење на простор пред објекти | 60.000 | 38.873 | 12.541 | 20.90 |
| **717134** | Комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 10.000 | - | - | - |
| **717135** | Комунална такса за користење на плоштади идр. | 50.000 | - | - | - |
| **717137** | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 17.858.259 | 422.113 | 26.015 | 0.15 |
| **717138** | Надоместоци од комунални дејности | 10.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **23.158.259** | **1.599.369** | **1.441.785** | **6.23** |

**<u>Такси за користење или дозволи за вршење на дејност</u>**

Приходите по основ на надоместоци за 2026 година, заклучно со 31.03.2026 година, изнесуваат вкупно 272.638 денари, што претставува реализација од 22,53% во однос на планираниот износ од 1.210.000 денари.

Најзначајно учество во оваа група има надоместокот за одржување на јавна чистота, со реализирани 250.000 денари, кој претставува доминантен извор на приходи во рамките на оваа

категорија.

Надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталации со Б-интегрирана еколошка дозвола е реализиран во износ од 22.638 денари, што е значително помалку во однос на претходната година (107.263 денари), што укажува на намалена наплата или динамика на прилив по овој основ.

Кај останатите ставки, како што се надоместокот за управување со отпад и надоместокот за вадење песок, не е евидентирана реализација во анализираниот период.

Ваквата структура на приходи укажува дека наплатата кај оваа група на надоместоци во најголем дел се базира на еден извор, додека останатите приходи или не се реализираат или имаат занемарливо учество, што остава простор за подобрување на наплатата и поефикасно искористување на законските можности за прибирање на овие средства.

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **718127** | Надоместок кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината | 150.000 | 107.263 | 22.638 | **15.09** |
| **718134** | Надомест за управување со отпад на општината | 10.000 | - | - | - |
| **718140** | Надомест за одржување на јавна чистота | 1.000.000 | - | 250.000 | **25.00** |
| **718147** | Надоместок за вадење песок | 50.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **1.210.000** | **107.263** | **272.638** | **22.53** |

## Неданочни приходи

Неданочните приходи во 2026 година се планирани во вкупен износ од 5.110.000 денари, додека нивната реализација заклучно со 31.03.2026 година изнесува 592.637 денари, односно 11,60% од годишниот план.

Во структурата на неданочните приходи, најголемо учество имаат административните такси и надоместоци, со реализација од 413.406 денари или 12,34% од планираниот износ. Овие приходи претставуваат најстабилен извор во рамките на оваа категорија.

Приходите од такси и надоместоци (конто 722) се реализирани во износ од 51.473 денари, што претставува 24,51% од планираниот износ, што укажува на релативно добра динамика на наплата во анализираниот период.

Другите неданочни приходи (конто 725) се реализирани во износ од 127.758 денари, односно 8,24% од планот, што укажува на пониско ниво на реализација.

Генерално, може да се констатира дека реализацијата на неданочните приходи во првиот квартал од 2026 година се одвива со умерена динамика, при што најголем придонес имаат административните такси, додека кај останатите категории има простор за подобрување на наплатата во наредниот период.

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **722** | Такси и надоместоци | 210.000 | - | 51.473 | 24.51 |
| **723** | Административни | 3.350.000 | 253.597 | 413.406 | 12.34 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | такси и надоместоци | | | | |
| **725** | Други неданочни приходи | 1.550.000 | - | 127.758 | 8.24 |
| | **Вкупно**: | **5.110.000** | ***243.597*** | **592.637** | **11.60** |

# Капитални приходи

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **731** | Продажба на капитални средства | - | - | - | - |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 27.054.820 | 253.597 | 363.628 | 1.34 |
| | **Вкупно**: | **27.054.820** | **243.597** | **363.628** | **1.34** |

Реализацијата на капиталните приходи се однесува на:

- Приходи од продажба на градежно неизградено земјиште во сопственост на републиката на износ од 31.392 денари;
- Приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата на износ од 70.283 денари;
- Надомест за концесии за експлотација на минерални суровини (по основ на простор) на износ од 1.964 денари;
- Надомест за концесии за експлотација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) на износ од 217.500 денари;
- Надомет за утврдување на правен сатус на беспрвно изградени објекти на износ од 42.489 денари.

# Трансфери и донации

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реазлизација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 133.322.162 | 34.500.253 | 31.754.019 | **23.82** |
| **742** | Донации од странство | - | 60.500 | 60.500 | **100%+** |
| **744** | Тековни донации | - | - | - | - |
| | **Вкупно**: | **133.322.162** | **34.665.253** | **31.814.519** | **23.86** |

Реализацијата на трансферите и донации од странство заклучно со првиот квартал за 2026 година е со вкупен износ од **31.814.519** или 23.86%.

Во делот на трансфери од други нивоа на власт реализацијата е остварена по следните основи:

- Дотации од приходи од ДДВ во вкупен износ од **5.564.079;**
- Блок дотации на општината по одделни намени во вкупен износ од **17.094.211** денари од кои:

  *Блок дотација за Основно образование: 12.200.000;*

  *Блок дотација за социјална заштита и заштита на деца: 3.156.372;*

  *Блок дотација Музичка и сценско – уметничка дејност: 1.737.839;*
- Приходи од Европска унија **60.500** финансиско учество од ЕУ за реализација на проек;
- Капитални трансфери од други нивоа на власт: **5.152.767**;
- Пренесен вишок од минати години во вкупен износ од **3.942.962**.

# Реализирани буџетски расходи на општина Демир Капија

Вкупните реализирани расходи на општина Демир Капија за периодот од **01.01.2026** до **31.03.2026** изнесуваат **37.129.576** или **27.85%.** Реализираните расходи утврдени по економска класификација се следните:

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 88.020.485 | 18.736.507 | 18.918.176 | 21.49 |
| **41** | Резерви и недефиниани расходи | 400.000 | - | - | - |
| **42** | Стоки и услуги | 43.411.073 | 6.064.985 | 4.979.879 | 11.47 |
| **45** | Каматни плаќања | 100.000 | - | - | - |
| **46** | Субвенции и трансфери | 11.099.902 | 1.129.259 | 1.825.524 | 16.45 |
| **47** | Социјални бенифиции | 1.100.000 | 80.001 | 252.225 | 22.93 |
| **48** | Капитални расходи | 50.586.781 | 9.554.060 | 7.271.142 | 14.37 |
| **49** | Отплата на главница | 3.200.000 | 1.561.764 | 1.446.042 | 45.19 |
| | **Вкупно:** | **197.918.241** | **37.126.576** | **34.692.988** | **17.53** |




## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно-оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно–оперативните расходи доминираат расходите за плати и придонесите за социјално осигурување.

### *40 - Плати, наемнини и надоместоци за вработените*

Реализацијата во делот на плати и надоместоци ги опфаќа средствата за исплата на плати на

вработените во општинската администрација, платата на градоначалникот, надоместоците за членовите на Советот, како и платите и надоместоците на единките корисници на Буџетот на општината.
Вкупната реализација по овој основ заклучно со анализираниот период изнесува 18.918.176 денари, што претставува 21,49% од планираните средства.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 59.617.718 | 13.090.803 | 13.506.288 | **22.65** |
| **402** | Придонес за социјално осигурување од работодавачи | 23.465.767 | 5.075.814 | 5.255.476 | **22.40** |
| **404** | Надоместоци | 4.937.000 | 569.890 | 156.412 | **3.17** |
| | **Вкупно:** | **88.020.485** | **18.736.507** | **18.918.176** | **21.49** |

## ***Тековни резерви (разновиди расходи)***

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **412** | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100.000 | - | - | - |
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 300.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **400.000** | - | - | - |

****Средствата од тековната резерва се користат за одредении итни потреби на општината, доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.***

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## ***Стоки и услуги***

Заклучно со 31.03.2026 година, реализацијата во делот на расходите за стоки и услуги во Буџетот на Општина Демир Капија изнесува 4.979.879 денари, односно 11,47% од вкупно планираните средства.
Во структурата на овие расходи, најголемо учество имаат трошоците за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, со реализација од 1.866.188 денари или 21,68% од планот, што укажува на континуирана и релативно стабилна потрошувачка во оваа категорија.
Значајно учество имаат и расходите за привремени вработувања, кои се реализирани во износ од 908.890 денари, односно 20,20% од планираните средства.
Кај останатите категории се забележува пониско ниво на реализација, и тоа:

- договорни услуги (7,30%),
- ситен инвентар, алат и материјали (7,20%),
- поправки и тековно одржување (6,10%),
- патни и дневни расходи (5,37%).

Расходите за други тековни расходи се реализирани со 17,52%, што претставува умерено ниво на извршување.
Генерално, реализацијата на расходите за стоки и услуги во првиот квартал од 2026 година се одвива со умерена динамика, при што одредени категории бележат повисока реализација, додека кај поголем дел од расходите е евидентно пониско извршување, што е вообичаено за почетокот на буџетската година.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 382.500 | 73.373 | 20.530 | 5.37 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **421** | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 8.606.168 | 1.759.832 | 1.866.188 | 21.68 |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 6.315.293 | 727.868 | 454.555 | 7.20 |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 11.978.500 | 1.519.710 | 730.670 | 6.10 |
| **425** | Договорни услуги | 10.158.612 | 961.089 | 741.522 | 7.30 |
| **426** | Други тековни расходи | 1.470.000 | 248.420 | 257.524 | 17.52 |
| **427** | Привремени вработувања | 4.500.000 | 774.693 | 908.890 | 20.20 |
| | **Вкупно:** | **43.411.073** | **6.064.985** | **4.979.879** | **11.47** |

***Каматни плаќања***

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 100.000 | **-** | - | - |
| | **Вкупно:** | **100.000** | **-** | **-** | **-** |

***Субвенции и трансфери***

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **461** | Субвенции за јавни претпријатија | 326.710 | - | 40.838 | 12.50 |
| **463** | Трансфери до невладини организации | 2.232.738 | 225.770 | 90.000 | 4.03 |
| **464** | Разни трансфери | 8.490.454 | 903.489 | 1.660.842 | 19.56 |
| **465** | Исплата на извршни исправи | 50.000 | - | 33.844 | 67.69 |
| | **Вкупно:** | **11.099.902** | **1.129.259** | **1.825.524** | **16.45** |

Заклучно со 31.03.2026 година, расходите за субвенции и трансфери во Буџетот на Општина Демир Капија изнесуваат вкупно 1.825.524 денари, што претставува 16,45% од планираните средства.

Во структурата на овие расходи, најголемо учество имаат разните трансфери, со реализација од 1.660.842 денари или 19,56% од планот, што претставува доминантна ставка во оваа категорија.

Субвенциите за јавни претпријатија се реализирани во износ од 40.838 денари, односно 12,50% од планираните средства, што укажува на умерено ниво на извршување.

Трансферите до невладини организации изнесуваат 90.000 денари или 4,03% реализација, што претставува пониско ниво на извршување во анализираниот период.

Исплатите по основ на извршни исправи се реализирани во износ од 33.844 денари, односно 67,69% од планираниот износ, што претставува високо ниво на реализација во однос на останатите ставки.

Генерално, може да се констатира дека реализацијата на расходите за субвенции и трансфери се одвива со умерена динамика, при што најголем дел од средствата се насочени кон разни трансфери, додека кај останатите категории постои пониско ниво на извршување во првиот квартал од годината.

Реализацијата на оваа категорија на трошоци расчленето аналитички се однесуваат на:

461130 - Субвенции за јавни претпријатија на износ од 40.838 денари;

463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации на износ од 90.000 денари;

464910 - Плаќање по судски решенија на износ од 973.606 денари;

464990 - Други трансфери (основен буџет) на износ од 626.871 денари;
464990 - Други трансфери (самофинансирачка сметка) на износ од 2.890 денари;
464990 - Други трансфери (с-ка за наменска дотација) на износ од 57.475 денари;
465130 - Трошоци по изврши исправи на износ од 33.844 денари.

***Социјални бенефиции***

Реализацјата во делот на социјалните надоместоци се однесува на
471160 - Еднократна парична помош на износ од 218.890 денари и
471230 – Помош за новороденчиња на износ од 33.335 денари.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 1.100.000 | 80.001 | 252.225 | |
| | **Вкупно:** | **1.100.000** | **80.001** | **252.225** | |

***Отплата на главница***

Во делот на отплата на главница е предвидена годишната отплата согласно амортизациониот план, на долгорочен заем преку проект за ***подобрување на општинските услуги (МСИП 2)*** за изградба на три улици во општина Демир Капија и тоа: улица ,,Илинденска'', улица ,,Радњанска'', улица ,,Орце Николов''. Договорот за заем е склучен на 23.02.2016 година помеѓу Министерството за финансии и општина Демир Капија на вкупен износ од 27.272.309 милиони денари со рок на отплата до 10.02.2029 година.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **493** | Отплата на главница до други нивоа на власт | 3.200.000 | 1.561.764 | 1.446.042 | **45.19** |
| | **Вкупно:** | **3.200.000** | 1.561.764 | **1.446.042** | **45.19** |

## Капитални расходи

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, и изградба на улици и патишта, водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината. Од табелата можеме да согледаме дека најголема реализација има кај расходното конто 482 – Други градежни објекти со реализација од 7.271.142 денари или 14.37%.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 31.03.2025* | *Реализација 31.03.2026* | *Реализација во %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 440.000 | - | - | |
| **481** | Градежни објекти | - | - | - | |
| **482** | Други градежни објекти | 47.332.041 | 9.544.347 | 5.152.767 | 10.89 |
| **483** | Купување на мебел | - | - | - | - |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 500.000 | 9.713 | 18.375 | 3.67 |
| **486** | Купување на возила | 2.314.740 | - | 2.100.000 | 90.72 |
| | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **50.586.781** | **9.544.060** | **7.271.142** | **14.37** |

Реализацијата на трошоците на расходното конто **482**, расчленето аналититички се однесуват на:

482930 - Реконструкција на други објекти: 5.152.767 денари, реализирани трошоци за ,,Реконструкција на фудбалско игралиште – II фаза''.

485230 – Компјутерски софтвер: 7.920 денари;

485420 – Надомест за одземен имот: 10.455 денари;

486190 – Купување на други моторни возила: 2.100.000, реализирани трошоци за набавка на трактор.

Изготвено од
Сектор за финансиски прашања